Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 12 ноември 2020 година

Скопје, ноември 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 12 ноември 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видеоконференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 20:30 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за потребата од потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Европската банка за обнова и развој, кој се однесува на соработката за поддршка на процесот за членство во Европската Унија, со текст на Меморандум

2. Барање на Џекоб Даниел Вајли за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за Државјанството на Република Македонија

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

5. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „EUTM RCA“ во Централна Африканска Република

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Европската банка за обнова и развој, кој се однесува на соработката за поддршка на процесот за членство во Европската Унија, со нов текст на Меморандум, и го усвои со следниов заклучок:

- Го прифати новиот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Европската банка за обнова и развој, во врска со соработка за поддршка на процесот за членство во Европската Унија.

**<u>Точка 2</u>**

Владата го разгледа Барањето на Џекоб Даниел Вајли за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Агенцијата за млади и спорт.

## Точка 3

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 4

**1.**Владата во врска со информирањето на д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика за остварените средби со претставници на работниците/синдикатите, по прашањето за регулирање на привремената спреченост за работа на вработените лица кои имаат симптоми и се заболени од COVID – 19, во органите на државната управа и во приватниот сектор (согласно Заклучок од точка 64 од 17-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 ноември 2020 година, по Информацијата во врска со регулирање на боледувањето на вработени лица заболени од COVID-19 (коронавирус), како и вработени лица кои се во изолација заради спречување на зараза), заклучи Министерството за труд и социјална политика да подготви и за наредната седница на Владата да достави конкретен предлог за надминување на ова прашање, а Министерството за здравство во соработка со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да достави мислење по предлогот.

**2.** Владата го поздрави и честита за големиот спортски историски успех на македонската фудбалска репрезентација и пласманот на Европското првенство 2021 година.

По овој повод, Владата донесе одлука за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, како парична награда во висина од по 10.000 евра во денарска противвредност за сите играчи и членовите на стручниот штаб на фудбалската репрезентација.
Одлуката се смета за донесена на оваа седница на Владата.

Дополнително, Владата упатува апел до сите граѓани и до Фудбалската Федерација на Македонија, да се воздржат од групни собири и прослави за овој успех, односно да ги почитуваат одлуките, мерките, препораките и протоколите за заштита од COVID-19, особено оние одредби кои се однесуваат за забрани за групирања на јавен простор.

**3.** По повод укажувањето на Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, а во врска со потребата за повторно номинирање на лица што ќе работат како агенти/агентки во Владиниот контакт центар за информации за економските и други поврзани мерки донесени за справување со негативните економски и социјални последици од COVID 19, Владата ги задолжи Министерството за финансии да номинира едно лице, Министерството за економија да номинира две лица, Развојна банка на Република Северна

Македонија да номинира едно лице, Управата за јавни приходи да номинира едно лице, Министерството за труд и социјална политика да номинира едно лице, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да номинира едно лице и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да номинира три лица, најдоцна до 13 ноември 2020 година, до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

**4.** По Известувањето од Министерството за транспорт и врски за објавување на Ценовникот за висината на надоместокот за мислењата за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува ЈП „Службен весник на Република Северна Македонија" да направи објава за поништување на Ценовникот за висината на надоместокот за мислењата за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбите на Институтот за земјотресно инженерство и климатски промени Скопје – ИЗИКП објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.268/20 од 10 ноември 2020 година, од причина што истиот е донесен во незаконска процедура и објавен без претходна согласност на Владата и како таков не произведува правно дејство, нема правна сила и не може да биде ставен во правен промет.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, а се препорачува на сите општини, согласно Законот за градење да издаваат дозволи за градба исклучиво според Ценовникот за висината на надоместокот за мислењата за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија - ИЗИИС објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.28/14 од 6 февруари 2014 година.

## <u>Точка 5</u>

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „EUTM RCA" во Централна Африканска Република, ја утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја донесе Одлуката.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

Истовремено, Владата заклучи да ја повлече од собраниска постапка Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „EUTM

RCA“ во Централна Африканска Република, доставена до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо бр. 44-9914/1 од 9 ноември 2020 година.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 21:20 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**